# ООУ„Гоце Делчев“ - Општина Аеродром

### Акциско истражување во воспитно-образовната практика

## Дали низата на работилници со учениците ќе ги подобрат интерперсоналните односи во паралелката и ќе се промени климата во истата




**Стручни соработници:**

**Силвана Матиловски-педагог**

**Елена Спасовска-психолог**

**Снежана Миленкова-дефектолог**


**Април, 2023**

# 1.ВОВЕД

## Сознанија добиени од литература

Комуникацијата претставува движечка сила во општеството. Со нејзина помош како еден вид средство создаваме пријатели, добиваме работа. искажуваме љубов, бараме помош и ги критикуваме нашите или туѓите постапки.

Во определувањето на значењето на комуникацијата треба да се појде од фактот дека комуникацијата е основна претпоставка за човековото битие, односно човековото битие не може да се замисли без неговата специфична способност за комуникација. Своето однесување човекот почнува да го регулира со говорот и говорот станува средство за комуникација. Комуникацијата ги движи процесите за индивидуализација и социјализација. Развојот на единката не е можен без индивидуален продор, а комуникациската активност потиккнува и создава можност за развој на личноста како самостојна и автентична личност. Низ комуникациските дејства човекот го усвојува начинот на однесување, правила и вредности. ***Самиот термин комуникација потекнува од Communicare што значи да се направи заедно, да се дели нешто со некого да се биде во меѓусебна поврзаност, соопштување, општење***. Комуникацијата претставува "патување" до себе и светот. Таа поврзува и спојува. Со нејзина помош се врши размена на искуства – од мислење до активност. Комуникацијата е неизбежна кога човекот се развива, ги развива своите способности и кога твори интелектуални, научни, морални и уметнички вредности како и кога остварува соработка со општеството.

Во комуникацискиот процес се разменуваат два типа на значење. Првиот се однесува на содржината на пораката , а вториот на односот на субјектите што учествуваат во комуникацијата. Добрата комуникација е темел на сите меѓучовечки односи. Лошата ,пак, доведува до осаменост и оддалечување од пријателите, партнерите, родителите, децата и доведува до слеп успех во работата и воопшто во животот. Лошата комуникација го намалува самопочитувањето и може да предизвика повлекување, отпор или отфрлање од средината.

### 1.1 Зошто комуницираме

Луѓето помеѓу себе комуницираат од најразлични причини, поради забава, да остават впечаток кај другите, да покажеме добрина и пријателство, да добиеме некои информации или пак некого да увериме во нешто. Кога разговараме со некого не не интересира само бојата на нивниот глас, повеќето причини за почетокот на комуникацијата е добивањето на информаци или пак кога ке се најдеме во просторија со непознат човек тогаш комуникацијата има функција на сигурност и заштита. Понекогаш луѓето разговараат само за да ја наламат непријатноста на тишината. Најчесто комуникацијата се одвива да ги воспоставиме и одржиме односите со останатите луѓе, да ги поучиме другите или сами да научиме нешто или едноставно само да покажеме дружељубивост. Без оглед на причините поради кои ние комуницираме, сепак комуникацијата ни

овозможува пренесување на пораки за нас самите, нашите интелектуални, емоционални и друштвени способности.

Комуницирањето може да доведе до сакани и несакани (планирани и непланирани) ефекти. Понекогаш без оглед на тоа што и како е речено или направено , не мора да биде сватено на тој начин како што е замислено. Често пати се случува даден коментар да биде сосема спротивно сватен од она што бил замислен од страна на оној кој го кажал. Понекогаш дури и отсутноста на некој коментар може да биде погрешно сватен од страна на средината.

## 1.2 Видови на комуникација

Интерперсоналната комуникација подразбира и ***вербално и невербално однесување.***

При воспоставувањето на првичниот контакт со друг човек некогаш е доволно да упатиме само еден пријатен поглед како сигнал на добра волја, другиот човек да го прочита сигналот и да се отвори за комуникација. Јазикот е во нас и ние сме во него. Од природата на човекот и од ситуацијата во која се наоѓаме зависи дали ќе го користиме во почетниот контакт јазикот на телото, симболите на невербалната комуникација или природниот јазик односно мајчиниот јазик. јазик.

За успешна комуникација меѓу луѓето нужно е изговорениот збор да го има истото значење и за двата соговорници во комуникацијата затоа што на тој начин се истакнува интелектуалната функција на говорот. Покрај вербалното комуницирање (покрај зборовите), значајна улога играат и невербалните елементи на вербалната комуникација. Најновите истражувања покажуваат на посебното значење на овие говорни сигнализации посебно кога се работи за емоционално искажување на пораката. Во директните контакти оваа емоционалност на информацијата се изразува често со невербални изрази, како што се гестовите, гримасите, односно мимиките и позите (за кои повеќе ќе зборуваме во делот за невербалната комуникација).

Во невербалната комуникација важна улога имаат: -говорот на телото-кинезика - говорот или движењата на очите - окулистика - времето при комуницирањето - хроменика - просторното комуницирање - проксемика Исто така и употребата на гласови или вокални симболи кои не се зборови, можат да имаат одредено значење при невербалната комуникација.

## 2.ФАКТОРИ ЗА УСПЕШНА (ЕФИКАСНА) КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на проучување на педагошката комуникација, многу често се наметнува прашањето дали секоја комуникација е ефикасна, односно кога можеме да зборуваме за успешна педагошка комуникација?

За да зборуваме за успешна педагошка комуникација , пред се, неопходно е да го утврдиме постоењето на одредени квалитети, карактеристики , врз основа на кои ја проценуваме нејзината ефикасност, односно успешност. Tubbs и Moss велат дека ефикасна е комуникацијата што се одликува со разбирање, задоволство, влијание на ставовите, облагородување на односите и предизвикување на акција"

**Клучни сегменти во ефикасната комуникација се:**

1.Способноста или компетентноста на испраќачот да ја пренесе пораката

2.Способноста или компетенција на примачот да ја разбере или превземе пораката

3. Родителите како фактор за успешна комуникација

4. Емпатијата како фактор;

5. Мотивацијата како фактор,

6. Останати фактори за успешна комуникација

## 3.МЕТОДОЛОГИЈА

Поаѓајки од важноста на комуникацијата меѓу учениците, начинот на решавање на конфликтните ситуации, развивањето на чувството за емпатија, толеранција, почитувањето на различностите и како сето тоа се одразува врз климата во одделението бевме мотивирани и го започнавме акциското истражување на тема: „ **Дали низата на работилници со учениците ќе ги подобрат интерперсоналните односи во паралелката и ќе се промени климата во истата"** со цел да предизвикаме промени за подобрување на односите меѓу учениците во паралелката VI 2 одд.

**Акционен план за спроведување на активностите во истражувањето**

| | Активност | Опис на активноста | Носител | Време |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Подготовка на материјали за работилница,изработка на прашалникот за учениците,родителите | Изработка на презентации материјали прашалници | Стручен соработник класниот раководител | Јануари 2023 |
| 2. | Почетно мерење | Задавање на прашалници и нивна обработка, Интервју со класниот раководител, Презентација за запознавање на учениците со активностите кои ќе следат | Стручни соработници<br><br>класниот раководител | Јануари 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Работилници со учениците за предизвикување промена<br><br>Анализа на трудовите на учениците<br><br>Пишани предавања за родители | 1.Ако сакам нешто да променам, ќе започнам од себе<br>2.Изнаоѓање на праведни решенија за решавање на конфликтите.<br>3.Што е почит ?<br>4.Врски-пријатели како се однесувам со нив<br>5.Прифаќање на различностите<br>6.Рака на допаѓање<br>7.Скршено срце<br><br>1.Вештини за унапредување на комуникација родител-дете<br><br>2.Стилови на родителство и ефектите што произлегуваат од практикувањето на разлучните начини на воспитување на децата. | Стручни соработници<br><br>класниот раководител | февруари<br><br>Март 2023 |
| 4. | Мерење на промената | Задавање на  прашалници и нивна обработка<br>Интервју со класниот раководител | Стручни соработници<br><br>класниот раководител | Април 2023 |
| 5. | Подготовка на извештајот за акциското истражување | Сумирање и прикажување на податоците<br>Запознавање со резултатите од истражувањето.<br><br>Препораки | Стручни соработници<br>класниот раководител<br>родители<br>наставници | Април 2023 |

Познавајќи ја состојбата во паралелката на почетокот ги подготвивме и спроведовме Анкетните прашалници за учениците за почетното мерење на состојбата во паралелката.

- **Податоци добиени од прашалникот за ученици-почетно мерење**

**При обработката на податоците од прашалниците за ученици ги добивме следниве податоци: Во анкетата беа опфатени вкупно 23 ученици.**

1.На прашањето Дали во вашето одделение има позитивна клима за работа и дружење?

Со Да одговориле вкупно 2 а со не одговориле вкупно 2 ученици,делумно одговориле 19,

2.На прашањето Со колкава зачестеност се присутни конфликтните ситуации меѓу учениците во твоето одделение?

Со ретко одговорил 1 ,понекогаш одговориле 7,постојано одговориле 15 ученици,

3.На прашањето Дали сметате дека Ви е потребна помош/поддршка во справување со конфликтните ситуации меѓу учениците од страна на стручните соработници на училиштето?

Со да одговориле 11 ученици.со не одговориле 2,делумно одговориле 10 ученици

4.На прашањето Дали сметате дека Ви е потребна помош во развивањето на чувствата за толеранција,емпатија,почитување на различните ученици и општествено прифатливи чувства?

Со да одговориле 11ученици ,со не 5 ученици ,делумно 7 ученици.


20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
да
не
делумно
Дали во вашето одделение има позитивна клима за работа и дружење?
Дали сметате дека Ви е потребна помош/поддршка во справување со конфликтните ситуации меѓу учениците од страна на стручните соработници на училиштето?
Дали сметате дека Ви е потребна помош во развивањето на чувствата за толеранција,емпатија,почитувањ е на различните ученици и општествено прифатливи чувства?


16
14
12
10
8
6
4
2
0
ретко
понекогаш
постојано
Со колкава зачестеност се присутни конфликтните ситуации мегу соучениците во твоето одделение

- **Податоци добиени од интервју со класниот раководител - почетно мерење**

Од класниот раководител на паралелката добивме поконкретни информации за комуникацијата меѓу учениците.Учениците имаат нарушена комуникација,често знаат да се навредат и да користат непристојни зборови а во некои ситуации и физичко пресметување на одредени ученици.Учениците завреме на наставата биле немирни ,без почит на авторитетот на наставникот.За подобрување на однесувањето и меѓусебната комуникацијата повеќе пати биле водени разговори со наставниците,стручната служба и биле повикувани и родителите.

Досега не биле изрекувани педагошки мерки но ако продолжи несодветното однесување ќе се пристапи кон изрекување на педагошки мерки.Поради атмосферата во одделението одредени ученици се жалат дека не мојат да ја следат наставата и тоа им пречи во учењето. Поради нередот се жалат на главоболка и вознемиреност.

- **Предизвикување на промената (спроведување на работилници од страна на стручните соработници, педагог, психолог, дефектолог)**

**1. Работилница - Дефектолог и Педагог**

**Запознавање преку презентација за активностите кои ќе следат ,запознавање со основни поими,термини и сл.**Работилницата започна_со цитатот„***Ако сакам нешто да променам ,ќе започнам од себе“***

На 26.01.2023 година учениците преку презентација ги запознавме со тековните активности.Се разви дискусија за тоа што треба да почнеме да правиме,што треба да престанеме да правиме и што треба да продолжиме да правиме.Се дискутираше за позитивна клима во училницата.Што е дисциплина.Грижа за менталното здравје.



**2. Работилница - Психолог**

**„Врски – пријатели како се однесувам со нив‘‘**

На 06.02.2023г. за време на одделенскиот час во паралелката VI 2, реализирав работилница на тема: Врски – пријатели како се однесувам со нив. Целта на работилницата беше кај учениците да се развие свесност за значењето и важноста на пријателството, како и за влијанието на однесувањето во градењето на овие врски. За време на работилницата учениците соработуваа и учествуваа во зададените активности.










**3. Работилница - Педагог**

**„ Изнаоѓање на праведни решенија за решавање на конфликтите‘‘**

Работилницата ја започнав со приказната за двете магариња .Наведувајки некои нивни особености што ги имаат како животни , пред каков  проблем се нашле и како ти го решиле.



На учениците на работилницата ги прашав дали знаат **<u>Што е конфликт?</u>**
И да се сфати дека конфликтите се неизбежен дел од животот на луѓето и ги предизвикуват ситуациите со кои луѓето секојдневно се среќаваат,да научат како да се справуваат со конфликтите и др.Им зададов преку Бура на идеи и работа во групи  да размислат што подразбираат под поимот конфликт.

На  учениците им прочитав примери за конфликтни ситуации и примери за можни решенија на истите и заедно составивме правила за однесување во конфликтни ситуаци поставени во училницата кои секојдневно ќе ги  потсетуваат учениците.






Учениците во текот на работилницата беа активни,ветија дека ќе применат некои од овие решенија секогаш кога ќе се најдат пред некој проблем и дека ќе се водат според правилата на однесување во училница.Заклучокот е да бидат стрпливи меѓусебно, секогаш да настојуват да изнаоѓаат праведни решенија за решавање на проблемите со своите другари,врсници.И доколку имаат потреба да побараат помош од класен раководител,родителите, наставник ,стручни соработници.

**<u>Анализа на ученичките трудови:</u>**

Од анализата на ученичките трудови т.е листот со Бура на идеи за тоа Што е конфликт? Учениците во работа во групи ги дадоа следниве одговори(конфликтот е проблем,кавга несогласување,физичка пресметка,вербалнапресметка,исмејување,непочитување и др.)

**4. Работилница- Педагог**

**„Што е почит?“**

Со учениците ја спроведов работилницата со цел запознавање и разбирање на концептот на почит и да можат да разликуваат достоинство и почит.Барав од учениците да размислат за темата и преку бура на идеи и секој поединечно да го искаже своето мислење.Учениците работеа и во парови изнаоѓајки ситуации во кои треба да се покаже почит. Заедно со учениците изработивме постер со Правила за покажување на почит Правилата ги истакнавме на паното во одделението и сите ги потпишавме и бидејќи се од групата а не од училиштетои не се наметнати од друг ,ветија дека постојано ќе ги почитуваат.Учениците додека траеше работилницата беа замислени и загрижени за нивното однесување и во нивните изрази на лицата се забележа насмевка и подготвеност да се променат.

**<u>Анализа на ученичките трудови:</u>**

Од анализата на трудовите т.е од одговорите на поставените прашањата забележав дека учениците добро ја разбрале пораката и дека се подготвени за промените.Правилата повеќе ќе ги почитуваат бидејќи тие произлегуваат од нив а не наметнато од училиштето.Прашањата ги одговориле суштински со постигнување на целта на работилницата.




**5. Работилница  - Дефектолог**

**„Прифаќање на различностите“**

На 23.02.2023г. за време на одделенскиот час во паралелката VI 2, реализирав работилница на тема:Прифаќање на различностите.Целта на работилницата беше кај учениците да се развие чувство на прифаќање меѓусебе. За време на работилницата учениците соработуваа и учествуваа во зададените активности.Им прочитав текст Нешто друго,учениците имаа за задача да го илустрираат Нешто друго.Како го доживуваат различниот од нив.Се поттикна размислување и дискусија дали е тоа дете жртва на насилство,отфрлено,исмејувано,со ПОП,друга боја на кожа,немирно дете.



**Анализа на ученичките трудови**

Од анализата на ученичките трудови,дојдов до заклучок дека учениците ја разбрале пораката на работилницата.Во одговорите што ги пишувале во рефлексијата давале одговори дека не треба да му се прави на другиот тоа што не сакаме да ни го прават на нас,дека не треба да ги отфрлаат од друштвото различните од нас,дека треба да другаруваат без дискриминација по пол,раса,нација,вера,попреченост,дека треба да се дружат и почитуваат.На прашањето Што ќе примениш од работилницата го дадоа очекуваниот одговор,дека клучно е другарувањето,почитувањето и прифакањето.

**6. Работилница - Дефектолог**

**„Рака на допаѓање“**

На 20.03.2023 за време на одделенскиот час реализирав работилница на тема Рака на допаѓање.Целта на работилницата беше самоосознавање и осознавање на другите ученици во класот.Работилницата ја започнав со дискусија што се сопствени вредности.За време на работилницата учениците беа поделени во групи.Цртаа рака на допаѓање на која го пишуваа своето име.Другите ученици требаше да напишат на раката по нешто што им се допаѓа или не кај ученикот.На крај секој ја доби назад својата рака и развивме дискусија дали навистина секој се гледа себе си како што го опишале другарчињата.






**Анализа на ученичките трудови**

Од анализата на ученичките трудови дојдов до сознание дека учениците ја сфатија пораката на работилницата.Ги прифатија сугестиите од своите другарчиња и сфатиа дека навистина имаат особини што другите ги увиделе и дека треба да ги сменат кај себе.

**7. Работилница - Психолог**

**„ Скршено срце"**

На ден 27.03.2023г. во VI 2 одд. реализирав работилница со тема: „Скршено срце", целта на работилницата е развивање на емпатија кај учениците и поттикнување на поголемо меѓусебно почитување, а со тоа и подобрување на атмосферата во паралелката. На почетокот од учениците побарав да ги затворат очите и да станат свесни за тоа како се чувствуваат и да дадат оценка на скала од 1-5. Потоа разговаравме за нивните чувства, какви чувства постојат и кои се причините за појавување на различни чувства. Потоа им поделив работен лист - срце и им дадов инструкции дека ќе читам текст, а на секоја моја пауза ќе треба да откинат парче од листот-срце. По завршување со читање на текстот, разговаравме за чувствата на ликот од текстот, за тоа како тие би се чувствувале да се на неговото место, кој се придонесе за појавата на овие чуваства. Дали тие биле на местото на детето од текстот итн.  На крајот секој ученик на остатокот од скршеното срце напиша порака/поука која ја извлекол од работилницата.

**<u>Анализа на ученичките трудови:</u>**

Од анализата на ученичките трудови забележав дека учениците ја разбрале поракатa од работилницата и се напишани следниве пораки :помагај да ти помогнат, немој да бидеш лош, биди добар другар, доброто со добро се враќа и други пораки.

- **Податоци добиени од прашалникот за ученици-крајно мерење**

**При обработката на податоците на прашалникот за ученици ги добивме следниве податоци: Во анкетата беа опфатени вкупно 23 ученици.**

1.На прашањето Дали во вашето одделение има позитивна клима за работа и дружење?

Со Да одговориле вкупно 14 а со не одговориле вкупно 2 ученици,делумно одговориле 7,

2.На прашањето Со колкава зачестеност се присутни конфликтните ситуации меѓу учениците во твоето одделение?

Со ретко одговорил 16 ,понекогаш одговориле 4,постојано одговориле 3 ученици,

3.На прашањето Дали сметате дека Ви е потребна помош/поддршка во справување со конфликтните ситуации меѓу учениците од страна на стручните соработници на училиштето?

Со да одговориле 10 ученици.со не одговориле 4,делумно одговориле 9 ученици

4.На прашањето Дали сметате дека Ви е потребна помош во развивањето на чувствата за толеранција,емпатија,почитување на различните ученици и општествено прифатливи чувства?

Со да одговориле 9 ученици ,со не 5 ученици ,делумно 9 ученици.







## **Почетно мерење-крајно мерење**


20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
да
не
делумно
Дали во вашето одделение има позитивна клима за работа и дружење?
Дали сметате дека Ви е потребна помош/поддршка во справување со конфликтните ситуации меѓу учениците од страна на стручните соработници на училиштето?
Дали сметате дека Ви е потребна помош во развивањето на чувствата за толеранција,емпатија,почитување на различните ученици и општествено прифатливи чувства?


16
14
12
10
8
6
4
2
0
да
не
делумно
Дали во вашето одделение има позитивна клима за работа и дружење?
Дали сметате дека Ви е потребна помош/поддршка во справување со конфликтните ситуации меѓу учениците од страна на стручните соработници на училиштето?
Дали сметате дека Ви е потребна помош во развивањето на чувствата за толеранција,емпатија,почитување на различните ученици и општествено прифатливи чувства?


16
14
12
10
8
6
4
2
0
ретко
понекогаш
постојано
Со колкава зачестеност се присутни конфликтните ситуации мегу соучениците во твоето одделение


18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
ретко
понекогаш
постојано
Со колкава зачестеност се присутни конфликтните ситуации мегу соучениците во твоето одделение

**<u>Податоци добиени од интервју со класниот раководител –крајно мерење</u>**

Во разговорот со класниот раководител Марија Андонова констатиравме дека има одредена промена во однесувањето на учениците, намалени се конфликтните ситуации и жалбите од страна на предметните наставници. Учениците се мотивирани за работа и се трудат да го подобрат успехот на паралелката. По потреба ќе се следи состојбата и ќе се планираат идни мерки.

**<u>Препораки</u>**

Од спроведеното Акциско истражување заклучивме дека честото спроведување на едукативни работилници на разни теми од животот на учениците во кои учениците земаат активно учество можат позитивно да делуваат врз подобрување на интерперсоналните односи во паралелката, подобрување на комуникацијата, развивањето на чувството за емпатија, толеранција и солидарност како и потребата воспитната компонента на училиштето да се потенцира што повеќе во работата со учениците со цел да се надминуваат одредени проблеми.

Од голема важност е и добрата комуникација меѓу класниот раководител на паралелката и родителите. Комуникацијата со родителите треба да биде постојана во текот на целата учебна година, а не само во одредени случаи кога ќе се појави некој проблем. Сметаме дека по промената на амбиентот во одделението ќе се подобри и општиот успех на учениците кој ќе биде предмет на внимание до крајот на учебната година.

## Користена литература


1.Г.Панова, Комуникациски вештини, УГД-Штип, 2010

2.К.Р.Сетурман, Комуникациски вештини во клиничката пракса, В.Божиновска,

3.Р.Ц.Петтерсон, Учење базирано на проблеми , Биоконто-Игало, 2008

4.Игри за разрешување на конфликти –Прирачник за обучувачи ,Филозофски факултет Скопје ,1996 год.

5.Прирачник за подобрување на когнитивниот и социоемоционалниот развој кај деца и малолетни лица-Група на автори Скопје,2011 год.

## <u>Прилози</u>

ООУ„Гоце Делчев“ - Општина Аеродром

**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**

Пол: М  / Ж(заокружи)

Почитувани ученици

Прашалникот е за потребите на Акциско истражување во воспитно образовната практика.

1.Дали сметате дека во одделението потребно е да се постават правила на однесување кои сите ќе ги почитуваат ?

а) Да,

б) Не,

2.Дали сметате дека Ви е потребна помош во справувањето со конфликтите меѓу учениците од страна на педагогот на училиштето?

а) Да,

б) Не,

3.Дали сметате дека Ви е потребна помош во развивањето на чувствата за толеранција,емпатија,почитување на различните ученици,и др.општествено прифатливи чувста?

а) Да,

б) Не,

Ви благодариме

**Прашалник од работилницата „Врски – пријатели како се однесувам со нив“**

1. Што можам да правам со пријателите и за нив?

2. Што им се допаѓа кај тебе?

3.Како можат да ти помогнат?

4. Кои се нивните јаки страни?

## РЕФЛЕКСИЈА

1. Што правевме?

2. Како се чувствувавме?

3. Што научивме?

4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

***Прашања за рефлексија од работилницата со ученици***

| Што знам за оваа тема? | Што научив? | Каде ќе го применам наученото | Како се чувствував за време на работилницата? |
|---|---|---|---|
| | | | |

Педагог: Силвана Матиловска

**Текст од работилницата „ Прифаќање на различностите“**

Нешто Друго

Во едно мало убаво место

Без никој нигде што пријател може да му биде

Живееше Нешто Друго.

Знаеше дека си е она што е,зошто сите го тврдеа тоа.

Кога ќе се обидеше да седне до нив

Или да прошета со нив

Или да им се придружи во игрите

Секогаш добиваше ист одговор:

„Извини.Не си како нас.

Ти си нешто друго.

Не ни припаѓаш баш.‘‘

Од петни жили Нешто Друго се трудеше

Да наликува на различните од него.

Смешкајќи се велеше„Здраво‘‘,како што тие отпоздравуваа.

Кога ќе му дозволеа ,ги играше нивните игри.

Си ја носеше ужината во кесичка,како што тие имаа навика.

Но попусто.

Ниту личеше на нив,ниту пак зборуваше како нив.

Не го гледаше она што тие го гледаа.

Ниту,пак,знаеше да си игра како нив.

А да не зборуваме за ужината...

„Не припаѓаш овде‘‘,викаа.

„Не си како нас.Ти си нешто друго.‘‘

Нешто Друго се повлече дома.Додека се подготвуваше да си легне се чу тропање на вратата.

Нешто стоеше на прагот.

„Здраво‘‘,рече.„Драго ми е што те запознав.Може да влезам?‘‘

„Извини‘‘,рече Нешто Друго.

„Добредојден си‘‘,рече гостинот.

Ја подаде својата рака.

Нешто Друго гледаше во раката.

„Мислам дека си го згрешил местото‘‘,рече

Гостинот мавана со главата.„Не,никако.Местово е совршено.Погледни!‘‘

И додека Нешто друго сфати што се случува,гостинот веќе беше внатре...и си седна .

„Те знам ли од негде?‘‘ праша Другото збунето.

„Дали ме знаеш?‘‘се насмевна гостинот.„Се разбира дека ме знаеш.Погледни ме подобро.‘‘

Нешто Друго гледаше.

Не знаеше што да каже,па си молчеше.

„Зар не гледаш?‘‘викна гостинот.

„Јас сум исто што и ти!Ти си нешто друго,

А и ЈАС СУМ ЕДНО ТАКВО ИСТО!‘‘

Уште еднаш му ја подаде раката и се насмевна.

Нешто Друго се најде во чудо,па не можеше да ја возврати насмевката.Ниту,пак,ја прифати раката.

„Исто што и јас?‘‘,рече.„Ти не си што сум јас.Всушност,ти не личиш на ништо што досега сум го видел.Се извинувам,ама ти не си како мене.‘‘

Гостинот отиде до вратата и ја отвори.Добра ноќ.

Си ја прибра раката.

„Ах,рече‘‘

Изгледаше некакао тажно и мало.

Го потсети Нешто Друго на нешто,но никако не му паѓаше на ум на што.

И додека се обидуваше да си припомни,гостинот си замина.

Одненадеж Нешто Друго се сети.

„Чекај‘‘ викна.„Немој да си одиш‘‘

Најбро што може потрча по гостинот.

Кога го стигна,цврсто му ја зграпчи раката.

„Не си што и јас,но не ми е грижа можеш да останеш со мене,доколку сакаш.‘‘

И гостинот се врати.

Од тогаш па наваму,Нешто Друго имаше некој со кој може да биде другар.

Цртаа,сликаа...

Секој ги играше игрите што другиот ги знаеше и сакаше,или барем се обидуваа.

Ручаа заедно.

Беа различни,ама се согласуваа.

А кога се појави некој друг,со навистина чуден изглед,тие не му рекоа дека не личи на нив и дека нема да се вклопи во нивната дружба.

Се потргнаа и веднаш место му направија

## Текст од работилница „Скршено срце“



**СКРШЕНО СРЦЕ**

Во вторник, наутро, кога заѕвони будилникот, Петар не стана од креветот. Десет минути подоцна, мајка му ја отвори неговата врата од собата.

-Ајде – му рече. Ќе задоцниш на училиште. Ти си мрзливо дете. (ОТКИНЕТЕ)

-Но, мамо болен сум - рече Петар.

-Зошто секогаш се однесуваш како бебе? (ОТКИНЕТЕ) – му кажа мајка му. Секогаш ти е лошо кога имаш физичко образование. Само стани, спреми се. Брат ти веќе се облече. (ОТКИНЕТЕ)

Петар набрзина се облече и отиде во кујна да касне нешто, додека неговиот брат Карло веќе завршил.

-Доаѓам, мамо! – рече Карло.

-Почекај го брат ти!- викна нивната мајка.

Тој, губитник (ОТКИНЕТЕ) секогаш касни- рече Карло. Не би сакал да го пропуштам автобусот.

Момчињата стигнаа на станицата точно на време, а Петар постојано го следеше постариот брат. Но, кога вратата од автобусот се затвори, петар се сети дека домашната задача ја заборави во својата соба.

Го праша возачот на автобусот, дали би го причекал, да ја земе домашната задача.

Што ти тебе, да не си луд? (ОТКИНЕТЕ) Ова не такси. Било, што било, тоа ти се случува кога доцниш. (ОТКИНЕТЕ)

Кога Петар стигна во училиште и кажа на наставничката дека ја заборавил домашната задача.

-Тоа ти четврти пат во овој месец - му рече наставничката. Дали навистина си ја напишал? Веќе помислувам дека лажеш. (ОТКИНЕТЕ) Мислам, веќе е време да разговарам со твоите родители.

Петар многу го сакаше спортот но, го мразеше часот по физичко образование бидејќи, беше најмал по височина во одделението. Тој ден на физичко образование требаа да играат кошарка, за Петар,

најнепосакуваниот спорт. Наставникот го подели момчињата во два тима, Лавови и Тигари. За неколку минути во секој тим имаше по десет момчиња, само Петар остана сам. (ОТКИНЕТЕ)
-Капитенот на тимот Лавови рече – Не го сакаме. Тој не вреди за ништо. (ОТКИНЕТЕ)
„Тој не припаѓа на тимот на Тигрите. Повеќе личи на исплашена мачка“, (ОТКИНЕТЕ) рече капетанот на Тигрите, а другите деца се смееја. (ОТКИНЕТЕ)

Конечно учителот го одреди Петар во еден тим, и тоа во Лавовите. Меѓутоа тој цело време го одседи на клупа затоа што капитенот ниту еднаш не го стави во игра. (ОТКИНЕТЕ)
Тој ден после училиште брат му на Петар, Карло, играше фудбал со пријатели на игралиштето во близина на нивната куќа. Петар беше многу подобар во фудбал одколку во кошарка. Фудбал му беше најомилениот спорт. Така Петар го праша Карло дали може и тој да игра.
„Нема шанси“, рече Карло. „Ќе ја упропасти играта“. (ОТКИНЕТЕ)
Тоа го слушна нивната мајка и рече: „Треба да го пуштиш твојот брат да игра со вас, Карло“.
„Но мамо, преспор е“, (ОТКИНЕТЕ) рече Карло. „И секогаш смета.“ (ОТКИНЕТЕ)

## Брошури за родители

### Брошура 1

### *ВЕШТИНИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА РОДИТЕЛ - ДЕТЕ*

**Што е комуникација?**

Комуникација не е само процес на пренесување на информации, туку таа претставува важен елемент во воспитување на детето, преку кој можеме да го поттикнеме детето на активност, на размислување, да го мотивираме и да ја поттикнеме неговата самодоверба! Позитивното комуницирање со децата им помага да развијат самодоверба, чувство за сопствена вредност и добар однос со другите луѓе. Исто така, ваквата комуникација го прави животот попријатен и позадоволен како за децата, така и за родителите.

**Видови на комуникација**

Вербалната комуникација е темел на јазикот. Комуникацијата со зборови е составена од следниве елементи: висина и тон на глас, содржина, акцент или дијалект. Невербалната комуникација се однесува на намерно и ненамерно комуницирање преку движења на телото. Тоа е комуникација без зборови и се препознава преку знаци, а тие се: контакт со очи, држење на телото, близина со соговорникот, гестикулација, физички контакт.

**Вештини кои треба да се поседуваат и практикуваат во комуникацијата со децата:**

Вербалната комуникација треба да е прилагодена на возраста, пожелно е да употребувате жаргони и фрази, да ги препознавате детските интереси,стилот на изразување потребно е да биде прилагоден на детето/адолесцентот за да можат да ве разберат, треба да се води сметка на невербалната комуникација, стекнати и унапредени комуникациски вештини водат до зацврстување и унапредување на релацијата со детето.

Техники за утврдување на комуникациските вештини:

**АКТИВНО СЛУШАЊЕ**

Родителот често сака да ги вербализира, да ги раскажува заедничките настани со детето. Притоа се случува родителот да ги каже сопствените доживувања, впечатоци и мисли и не остава простор детето да ги искаже сопствените чувства и искуства од тој настан. Ваквиот начин на комуникација може да има негативен ефект врз детето и да предизвика научено однесување во кое детето нема да го искажува своето мислење и лесно може да потпадне под влијание и притисок на врсничката група, која може да му влијае во однесувањето. Доколку детето се научи самостојно да расудува, тоа ќе употреби критичко

размислување и ќе биде во можност само да донесе одлука. Наместо веднаш да реагира и да ја земе работата во свои раце, потребно е родителот да го остави детето да каже што тоа мисли, како се чувствува и да понуди решение.

Активното слушање е една од вештините на комуникација која најтешко се совладува. Важно е родителот да го слуша детето кога зборува, бидејќи на тој начин ќе го научи да размислува.

Потребно е родителот заинтересирано да поставува прашања и тоа: Што...? Како...? Зошто...? и да има доволно време за да слушне и дознае што детето мисли и чувствува. Доколку родителот нема доволно време за да ги ислуша одговорите на детето, тогаш е пожелно нив да не ги поставува.

**КОРИСНИ ПРАШАЊА:**

Што мислиш ти, што се случило?

Како се чувствуваш?

Како може оваа информација/искуство дати послужи нареден пат?

ПРИМЕР:

Десетгодишно дете Филип: Ми го нема велосипедот, некој ми го украл... (вознемирено вика и плаче).

Таткото: Баш ми е жал. Многу си вознемирен. Смири се и кажи ми што се случило?

Филип: Го оставив таму... ми го украле, многу сум тажен, жал ми е, велосипедот ми беше нов, па зошто луѓето крадат...

Таткото: Ние не можеме да ги контролираме другите луѓе, но ти можеш да направиш нешто за да си ги заштитиш своите работи.

Филип: Веќе нема да ги оставам работите надвор, ќе го заклучувам велосипедот...

Таткото: Очигледно многу научи од овој настан. Подоцна ќе разговараме и ќе се договориме што треба да промениш кај себе и како да бидеш повнимателен со своите работи.

## ПОВРАТНО СЛУШАЊЕ

Поинаков начин на кој родителот може да му покаже на детето дека го слуша е да се однесува како „огледало “, така што ќе реагира повратно на тоа што го слушнал. Задача на родителот е да му го повтори на детето тоа што го слушнал од него. Најдобро е да се употребуваат други зборови, но содржината да остане иста.

ПРИМЕР:

Осумгодишниот Омер: Нема веќе да си играм со Горан!

Мајката: Нема да си играш со најдобриот другар?

Омер: Да, затоа што не сака да излеземе надвор и да си играме, туку игра на компјутер со Марко.

Мајката: Го одбрал Марко за играње, а не тебе?

Омер: Да. Лут сум му. Никогаш нема да се смирам со него.

Мајката: Добро е што ми кажа како се чувствуваш.

Омер: И ќе одам ќе им кажам и на другите и...

Мајката: Мммм, аха... ммм...

Ова е поефикасно кога родителот му остава простор на детето да ги покаже своите чувства и не ги осудува, отколку да му „држи предавања“. На овој начин, родителите ќе му овозможат на детето да учи.

Понекогаш е поефикасно родителот да премолчи и да не изговори ниту еден збор. Така родителот ќе биде изненаден колку детето има што да каже. Разговорот родителот може да го одржува и преку невербална комуникација, преку изразот на лицето, ставот на телото или да додаде едноставни зборчиња како што се: аха, ммм, хмм и слично, но со видлива заинтересираност.

РОДИТЕЛОТ ДА ЗБОРУВА ЈАСНО И РАЗБИРЛИВО ЗА ДЕТЕТО

Многу важно е родителот да зборува на јазик разбирлив за детето и соодветен за неговата возраст. Потребно е да биде јасен и многу конкретен, да не користи навредливи зборови, а при разговорот да му покаже на детето дека го почитува и сака.

РОДИТЕЛОТ ДА НЕ КОРИСТИ УСЛОВУВАЊЕ, ЗАКАНИ И ОБВИНУВАЊА

Користењето условување, уцени и закани значи манипулација со детето, а тоа носи опасност истата вештина да ја развие и самото дете. Со нивна употреба,

родителот постигнува брза, нократкотрајна контрола врз детето. Тоа не му овозможува поставување граници и контрола на долги патеки, што ја намалува можноста за соработливост со детето.

Ова е пример во кој родителот користи погрешни стратегии за решавање на проблемот со детето.

ПРИМЕР:

Четиринаесетгодишниот Бојан повеќе од пет часа игра на компјутер. Мајка му се обидува да го мотивира да престане со активноста која негативно влијае врз него, го прави нервозен, вознемирен, а може да го наруши и неговото здравје.

Мајката: Загрижена сум за тебе и твоето здравје. Ги оптоваруваш очите, пет часа седиш на столчето, а и се нервираш, викаш. Завршувај ја играта и станувај од компјутер. Навистина немам веќе доверба во тебе, нема договор со тебе, ништо не почитуваш. Ти си едно разгалено дете (обвинување).

Бојан: Уште малку, почекај.

Мајката: Кажав веднаш да прекинеш. Е сега ќе те кажам на татко ти, па ќе ти покаже како треба да се однесуваш (закана).

Бојан: Ти реков почекај уште малку. Не кажувај му на Тато.

Мајката: Е сега ќе го извадам кабелот од компјутерот и нема веќе играње (закана).

Бојан: Добро, еве станувам, уште пет минути.

Мајката: Добро, поиграј уште пет минути, но ако ѝ го однесеш ручекот на баба ти. Ако не, веднаш станувај од компјутер (условување).

Бојан: Добро, еве станувам и ќе го однесам ручекот на баба. Но ти ќе го убедиш тато да ми ја купи најновата компјутерска игра, треба бргу да ја инсталирам (развивање иста вештина и условување од страна на детето).

Пример во кој родителот користи позитивни стратегии за решавање на проблемот со детето.

ПРИМЕР:

Мајката: Бојан, сине, многу сум загрижена за твоето здравје. Цел ден си на компјутер, ги оптоваруваш очите, грбот, се вознемируваш од игрите.

Бојан: Не е така мамо.

Мајката: Како не е така. Како ќе ми докажеш и ќе ме убедиш дека нема место за загриженост.

Бојан: За пет минути ќе завршам и ќе ти докажам.

Мајката: Добро, те чекам. Но, ќе треба да разговараме, да поставиме правила и граници. На тојначин, ти ќе ја задоволиш твојата потреба за другарување преку компјутер, а јас ќе ја намалам мојата загриженост.

(Мајката трпеливо чека Бојан да заврши без да му прави притисок. Избегнува закани, уцени и условување. Пет минути порано или подоцна не играат улога, но значат многу за создавање на порелаксирана атмосфера за разговор и договор.)

ПОТРЕБНО Е РОДИТЕЛОТ ДА ГО ПРОШИРИ ФОНДОТ НА ЗБОРОВИ ШТО ОЗНАЧУВААТ ЧУВСТВА

Доколку родителот сака детето да развие емоционална интелигенција, да научи нешто за чувствата, потребно е да почне да го слуша детето кога сака да раскаже како се чувствува, без да се обидува да му објаснува или да го коригира. Ако детето ги покажува чувствата без вербално да ги изразува, почнува да плаче и добива напад на бес, без да објасни зошто е луто, родителот може да му помогне да го вербализира чувството. На тој начин, детето истото чувство ќе може да го препознае во други услови. Чувствата може да се опишат само со еден збор: среќа, тага, опуштеност, повреден/а, уплашен/а, гладен/а, горд/а, поспан/а, лут/а, беспомошен/а, иритиран/а, посрамотен/а, весел/а.

Потребно е родителот да биде водич со емпатија, да покаже сочувство кон детето и неговите чувства, не да ги обезвреднува, бидејќи за детето тие се многу реални.

ПРИМЕР:

Седумгодишната Даниела е лута бидејќи не може да направи кула од карти. Добива напад на бес, ги растура и ги фрла картите низ цела соба, почнува да вика и плаче.

Таткото: Вознемирена си бидејќи ти е тешко да ја направиш кулата од карти? Не ти се допаѓа кога не можеш да ја наместиш, нели?

Кога родителот ќе го именува чувството, на тој начин го учи детето на зборови што го означуваат тоа. На тој начин, учи да го именува, а не само да го изразува чувството низ кое минува.

ПРИМЕР:

Мајката: Загрижена сум бидејќи така со стискање може да го повредиш папагалот, а може и да те клукне по рацете или лицето, биди понежен со него.

Ако ваквата интервенција не му успева на родителот, тогаш може да го дислоцира папагалот од детето.Притоа е потребно да му објасни на детето дека не му се допаѓа начинот на кој тоа си игра со папагалот или да му покаже понежен начин на кој може да го стори тоа.

ДА СЕ КОРИСТАТ ИЗЈАВИТЕ КАКО – ЗАБЕЛЕЖАВ, СОГЛЕДАВ, ВИДОВ

Често родителот му поставува прашање на детето, иако однапред го знае одговорот и тоа во функција на проверка дали ја зборува вистината.

ПРИМЕР:

Дали ги изми забите? Дали ја напиша домашната? Наместо овие прашања, подобро е да се користат поинакви формулации.

Мајката: Забележав дека не си ги измила забите. Ајде да се обидеме сега.

Детето: Да, ги измив забите.

Мајката: Одлично, би сакала да видам. Сигурно сум погрешила.

ВЕТУВАЊА

Родителот не треба да дава ветувања ако не може да ги исполни или претходно не е договорен со партнерот. Само кога е сигурен и подготвен да ја реализира активноста, родителот може да ја соопшти.

ПРИМЕР:

Таткото: Време е за купување и обновување на облеката. Сакате денес да дојдете со мене или да одиме друг ден?

Исто така, и родителот не е пожелно да бара ветување од детето.

КРИТИКА/КОМЕНТАР НА ОДНЕСУВАЊЕТО, А НЕ НА ЛИЧНОСТА НА ДЕТЕТО

Се критикува/коментира однесувањето, а не личноста на детето. Критиката може да се степенува, во зависност од возраста на детето и од поводот за критика/коментар.

**<u>ЈАС-ПОРАКА</u>.**

ПРИМЕР:

Мајката на четиринаесетгодишната Бисера дава коментар на собата на девојчето која е во неред.

Мајката: Ми пречи кога нема да ја средиш облеката во твојата соба.

Овие пораки се наједноставни, бидејќи се покажува детското однесување, но со покажување на чувствата на родителот. Многу мали деца нема да реагираат на ваква порака, бидејќи за нив нивните чувства се најважни и не ги уважуваат чувствата на другиот. Нема да реагира ниту дете на кое родителските чувства не му се приоритетни, на пр. адолесцент во бунтовна фаза.

ПРИМЕР:

Мајката: Многу ми пречи и се лутам кога чевлите ги оставаш пред врата, бидејќи некој може да се сопне од нив, затоа те молам секогаш да ги ставаш во шкафчето за чевли. Тоа важи за сите дома, за мене, за татко ти и за брат ти. Така сме договорени.

**ТИ-ПОРАКА.**

Кога се однесуваш така (точен опис на однесувањето)... ти... (последица што таквото однесување може да донесе за детето),.. така што подобро е да го направиш тоа... (пренасочување на прифатливото однесување).

ПРИМЕР:

Таткото: Денес во училиште повторно не си ја однел домашната задача по математика. Ако тоа го повториш, во петок, наместо да излезеш со другарите, ќе треба да останеш дома и да вежбаш задачи. Затоа е подобро до крајот на неделата редовно да ја пишуваш домашната задача по математика

Ти-пораката се разликува од претходните две, по тоа што родителот детално му кажува на детето каква ќе биде последицата за него. Ова родителот може да го бара од детето само ако претходно се поставени правила и граници. Така детето само одлучува што му е поважно. Но важно е родителот да биде доследен на кажаното. Родителот треба да си го одржи зборот и да биде доследен на кажаното како за позитивните ветувања, така и за негативните последици.

**ПОФАЛБА НА ЛИЧНОСТА НА ДЕТЕТО:**

ПРИМЕР:

Мајката: Навистина ме зачуди зошто денес не си бил на час по англиски, знаејќи дека си многу исполнително дете.

Таткото: Како тоа да не ја вратиш книгата во библиотека, кога ти си многу одговорна?

Ова правило е добро да се користи кај училишни деца, бидејќи родителот испраќа јасна порака дека ја цени неговата личност, но конкретното однесување не му се допаѓа. Таквиот коментар детето подобро го слуша и вoсприема.

ПРИМЕР:

Таткото: Добро е што денес си бил на часот по физичко. Но, ме зачуди што не си му се извинил на наставникот за претходните отсуства, имајќи предвид дека ти си одговорно дете и тоа не личи на тебе.

Ова правило се употребува кај многу чувствителни деца, особено кога се во фаза на пубертет.

**ПОВИК ЗА САМОКОРЕКЦИЈА/ПРАШАЊЕ ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ШТО НЕДОСТАСУВА**

ПРИМЕР:

Мајката: Што мислиш, што би можел да направиш по конфликтот со наставничката по хемија?

Мајката: Да можеш да ја вратиш ситуацијата, што би направил поинаку?

На овој начин, родителот го повикува детето само да дојде до посакуваното однесување, корисно и прифатливо. Тоа предизвикува конфликт, борба, но во самото дете, а не конфликт со родителот.

Подготвено од стручните соработници при ООУ„ Гоце Делчев “- Општина Аеродром

**Брошура 2**

ООУ„ Гоце Делчев ‘’- Општина Аеродром

Предавање за родители: Стилови на родителство и ефектите што произлегуваат од практикувањето различни начини на воспитување на децата.

## 1.1 ЗОШТО ДА СЕ УЧИ РОДИТЕЛСТВОТО

Родителството може да биде планирано или непланирано, прифатено или осудувано, самостојно или во партнерство, поддржано или не, биолошко или по пат на посвојување, но каква и да е неговата форма,центар на родителството секогаш е детето кое треба да биде врвен приоритет за возрасниот кој се грижиза него. Повеќето родители, при растењето на своитедеца, се потпираат врз сопствените инстинкти или лични искуства во детството и семејното живеење.Понекогаш овие информации и знаења на родителот му помагаат, но понекогаш не, па дури и несвесно го носат во погрешна насока.

Кога родителот прави грешки во воспитувањето на своето дете, тоа не е поради недостаток на љубов, туку поради незнаењена поефективни форми на воспитување. Понекогаш казнувањето на децата, особено физичкото казнување,во семејството се прифаќа како дел од традиционалното воспитување и се спроведува како начин на дисциплинирање на детето.Доколку родителството се разбере како долгорочно патување, кое почнува од самото раѓање на детето и се одвива низ време и простор, потребно е родителот да го запознае сопатникот“, односно детето. Патувањето може да биде пријатно и без проблеми, но често е придружено со препреки, бури и дилеми но како да е мора се продолжи по тој пат.Родителството е секојдневна интеракција на родителот со детето, која во себе вклучува нега, грижа, љубов, насочување, посветеност.

Постојат низа очекувања кои одат заедно со улогата на родител, кои се менувале низ историјата. Во различни општества бил различен стандардот за добар родител, се применувале различни воспитни методи, се менувале видовите семејства и семејното живеење. Но, едно е заедничко, а тоа е дека родителот ја увидел беспомошноста на децата, живеел со нив и се грижел за нив. Се разбира, секогаш имало и ќе има исклучоци.

Она што со сигурност се знае е дека стилот на родителството има значајно влијание врз благосостојбата, здравјето и развојот надецата.

## 1.2 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ РОДИТЕЛСКИ ВОСПИТНИ СТИЛОВИ

Обично, кај еден родител доминира еден стил со присуство на елементи од други стилови. Исто така, двајцата родители немаат секогаш ист стил на родителство, а и тогаш кога имаат, не го практикуваат на еднаков начин.

| АВТОРИТАРНО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
|---|---|
| Авторитарните родители: бараат од децата слепо следење на правилата што ги поставуваат, без образложение; прекршувањето на правилата го казнуваат, често и физички;наметнуваат многу барања и строга дисциплина, а даваат малку љубов и не комуницираат отворено; покажуваат крутост и не даваат можност за избор и слобода на изразување; ја обесхрабруваат независноста и индивидуалноста. | Децата на овие родители: се послушни и исполнителни, но несреќни; несигурни се и имаат ниско себепочитување;лесно се вознемируваат и често се однесуваат агресивно;може да пројават склоност кон ризично однесување; претежно воспоставуваат површни односи со врсниците;потешко се адаптираат во социјалната средина. |

| ПОПУСТЛИВО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
|---|---|
| <u>Попустливите родители:</u> не поставуваат јасни правила на однесување;малку се ангажираат во воспитување и во подучување на своите деца;не ги поттикнуваат и не ги насочуваат децата кон зрело и одговорно однесување; не комуницираат оптимално со децата;одбегнуваат да преземат одговорност во обликувањето на однесувањето на децата;се обидуваат да ги исполнуваат сите желби на децата и им дозволуваат да прават што сакаат, кога сакаат и како сакаат; градат повеќе пријателски отколку родителски односи со децата, т.е. немаат родителски авторитет. | <u>Децата на овие родители:</u> емоционално подоцна созреваат;не се доволно одговорни; имаат ниско себепочитување; имаат низок праг на толеранција на фрустрација и низок степен на контрола на импулсите и потребите;може даројават склоност кон агресивно и/или ризично однесување; настојчиви се во барањето начини за привлекување внимание кон себе, при што може да ги прекршуваат правилата и законот; имаат проблеми со авторитети и постигаат слаби резултати во училиште; лесно се впуштаат во обвинување други за сопствените тешкотии и неуспеси. |
| НЕЗАИНТЕРЕСИРАНО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |
| Незаинтересираните родители: насочени се кон задоволување на сопствените потреби; малку комуницираат со децата;неодговорни се, ги отфрлаат или ги занемаруваат децата;имаат многу ниски барања и очекувања од децата и ги задоволуваат само нивните основни потреби; не споделуваат нежност;минимално се вклучени во животот на децата (на пр. многу ретко го прашуваат своето дете како му поминал денот во училиште, кои му се пријатели, дали има некаков проблем и сл.). | Децата на овие родители: недоволно се самостојни и имаат низок степен на самоконтрола; несигурни се и имаат ниска самодоверба; недоволно се вешти во социјалните односи; огорчени се на своите родители и во многу случаи се отуѓуваат од нив во младоста; осамени се, исплашени и анксиозни;малку се заинтересирани за училишните обврски; во адолесценцијата често манифестираат антисоцијално однесување (на пр. се оддаваат на проституција, консумираат алкохол, наркотични средства и сл.). |
| ДЕМОКРАТСКО РОДИТЕЛСТВО | ЕФЕКТИ |

| | |
|---|---|
| Демократските родители: им поставуваат на децата јасни правила и соодветни барања; ги разбираат, ги поддржуваат децата и не се наметнуваат;отворени се за комуникација, поттикнуваат размена на мислења и искуства; грижливи се и даваат многу љубов и топлина; доследни се и постојани во постапките и однесувањето; ги вклучуваат децата во донесувањето на дел од семејните одлуки; поттикнуваат независност и индивидуалност, но и придржување до прифатените правила;користат позитивно поткрепување за учење пожелно однесување. | Децата на овие родители се: одговорни; независни; имаат повисока самодоверба и себепочитување; имаат добра самоконтрола; среќни се и успешни; подготвени за соработка и помагање; имаат високи училишни постигања; подобро се адаптираат во социјалната средина (на пр. имаат поквалитетни односи со врсниците и со наставниците). |

Стручни соработници при ООУ „Гоце Делчев‘‘- Аеродром

## <u>Истражувачки дневник</u>

На ден 08.11.2022 година се направија разговори со родители за несоодветно однесување во училница,по претходна пријава на класниот раководител.

Го направивме изборот на работилници со ученици и подготвивме материјал за нивно спроведување .Активностите се согласно акциониот план за истражувањето.Го подготвивме и потребниот материјал за работа и ги умноживме потребните анкетни прашалници.

На 26.01.2023 година започнавме со првата работилница
**Запознавање преку презентација за активностите кои ќе следат, запознавање со основни поими, термини и сл.**

На 30.01.2023 година ги зададовме анкетните прашалници за ученици за почетното мерење

На 06.02.2023г. ја реализиравме втората работилница
**„Врски – пријатели како се однесувам со нив“**

На 13.02.2023 година ја спроведовме третата работилница
**„ Изнаоѓање на праведни решенија за решавање на конфликтите“**

На 16.02.2023 година ја спроведовме четвртата работилница
**„Што е почит?“**

На 23.02.2023г. ја спроведовме петата работилница
**„Прифаќање на различностите“**

На 20.03.2023 ја спроведовме шестата работилница
**„Рака на допаѓање“**

На ден 27.03.2023г. ја спроведовме седмата работилница
**„ Скршено срце"**

На ден 03.04.2023 година го зададовме анкетниот прашалник за ученици за крајното мерење

Откако ги завршивме сите активности согласно акциониот план пристапивме кон изработка на конечниот извештај за спроведеното акциско истражување на тема Дали низата на работилници со учениците ќе ги подобрат интерперсоналните односи во паралелката .